**МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**

**ПОМЕЃУ**

**МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**И**

**МИНИСТЕРСТВОТО ЗА СЕМЕЈСТВО И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА ПОЛСКА**

во областа на политиките на социјалната заштита и заштитата на децата

Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија и Министерството за семејство и социјална политика на Република Полска (во понатамошниот текст „Учесниците“),

Врз основа на искажаниот взаемен интерес за развивање на соработка во областа на политиките на социјалната заштита и заштитата на децата,

Препознавајќи ја важноста на интеграцијата на Република Северна Македонија во Европската Унија и со желба да се придонесе кон развојот на пријателски односи помеѓу државите,

Со намера да се создаде значаен придонес кон соработката помеѓу двете држави,

Одлучија да соработуваат во областа на политиките на социјалната заштита и заштитата на децата и се договорија за следното:

Член 1

Двата Учесника меѓусебно ќе разменуваат искуства и информации од областа на политиките на социјалната заштита и заштитата на децата, при што политиките за социјалната заштита се однесуваат на шемите и програмите за социјално осигурување и социјална помош, како и на социјалните услуги кои помагаат да се намали и спречи сиромаштијата и ранливоста во текот на животниот циклус.

Член 2

Соработката ќе се одвива во следните области:

- Социјално осигурување;
- Социјална економија и социјално претприемништво;
- Социјални услуги за помош на лица во ризик од сиромаштија и социјална исклученост;

- Социјална заштита и услуги за лица со попреченост;
- Грижа за стари лица, институционална и вон-институционална заштита;
- Активација на лица од социјално ранливи категории;
- Мониторинг и надзор во системот на социјална заштита;
- Правни постапки и законодавство за заштитата на децата;
- Спречување и борба против насилството врз жените;
- Грижа за деца;
- Згрижување во семејство, посвојување и мерки за заштита на семејството.

Член 3

Соработката ќе се одвива во следните облици:

а Експертски консултации и взаемно учење;

б Учество на експерти на конференции, семинари и други меѓународни настани организирани од двата Учесника;

в Размена на правни прописи и стручни документи, коишто може да бидат достапни за јавноста, како и други материјали од обласга на политиките на социјалната заштита и заштитата на децата;

г Студиски посети на вработените на двата Учесника;

д Подготовка и реализација на заеднички проекти од областа на политиките на социјалната заштита и заштитата на децата.

Член 4

Финансирањето на активностите во рамките на овој Меморандум ќе се врши од сопствениот буџет на секој од Учесниците. Секој Учесник ќе ги покрива трошоците за престој на своите учесници на територијата на државата на другиот Учесник.

Активностите ќе се спроведуваат на англиски јазик.

Трошоците за толкување и превод ќе ги покрива Учесникот кој ќе има потреба од одреден работен јазик.

Член 5

Овој Меморандум не претставува договор според меѓународното јавно право.

Член 6

Овој Меморандум ќе стане ефективен на денот на неговото потпишување.

Овој Меморандум се склучува за период од пет години и автоматски ќе биде обновуван за период од една година, освен доколку едниот од Учесниците го извести другиот за својата намера да го раскине овој Меморандум, најмалку три (3) месеци пред датумот на истекување на Меморандумот.

Потпишано во Варшава на 29 јули 2022 година во два оригинални примерока на македонски, полски и на англиски јазик, при што сите три текстови се еднакво веродостојни. Во случај на разлики во толкувањето, ќе преовлада текстот на англиски јазик.

Во име на
Министерството за труд и социјална политика
на Република Северна Македонија

Министер,

Јованка Тренчевска

Во име на
Министерството за семејство и социјална политика
на Република Полска

Министер,

Марлена Малаг